**201909801244**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 март 2019 година.

Бр. 08-2170/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Член 1

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), во член 6 по ставот (2) се додаваат три нови ставови (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, имателот на информации кој располага со податоци кои се однесуваат на плаќањата преку органот на државната управа кој е надлежен за трезорското работење, е должен да ја информира јавноста за истите преку својата веб страница.

(4) Формата и содржината на податоците кои се објавуваат, како и начинот на нивното објавување ја пропишува министерот за финансии, а особено се однесуваат на: назив и сметка на давач (буџетски корисник), назив и расходно конто, назив и програма, износ, единствен даночен број на примач (само за правни лица) и назив на примач (само име и презиме кај физички лица).

(5) Објавените лични податоци во врска со информациите од ставот (4) на овој член може да бидат достапни не повеќе од две години, од денот на објавата.”.

Ставот (3) станува став (6).

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.